# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.127 од 15.10.2012 година**

### Член 1

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009 и 156/10), во членот 11 став (1) зборовите: „урбанистичко-планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистнчко планирање" се заменуваат со зборовите: "соодветна планска документација согласно со закон".

### Член 2

Во членот 12 став 2 точка 3 зборовите: „планска документација" се заменуваат со зборовите: „соодветна планска документација согласно со закон".
Во точката 4 зборовите: „проектна-техничка документација" се заменуваат со зборовите: „соодветна проектна техничка документација согласно со закон".
Точката 5 се брише.
Точките 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.
Во точката 15 која станува точка 14 зборовите: „планска документација" се заменуваат со зборовите: „даваат соодветна планска документација согласно со закон", а зборовите:
„техничка документација" се заменуваат со зборовите: „соодветна проектна техничка документација согласно со закон".
Точка 16 станува точка 15 .
Во точката 17 која станува точка 16 по зборот „целокупната" се додава зборот „соодветна".
Точките 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат точки 17,18,19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26.
По точката 27 која станува точка 26 се додаваат две нови точки 27 и 28, кои гласат:
27) издава одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите на корисникот на технолошката индустриска развојна зона;
28) врши услуги за грижа на корисниците на технолошките индустриски развојни зони;".
Точката 28 станува точка 29.

### Член 3

Во членот 19 ставот (1) се менува и гласи:
"Со Дирекцијата управува Управен одбор кој е составен од седум члена и тоа по еден член предложен од: министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врските и тројца членови предложени од корисници на технолошките индустриски развојни зони."
Ставот (5) се менува и гласи:
"Претседателот и членовите на Управниот одбор предложени од министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врските, се именуваат за време од четири години."

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:
„(6) Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се именуваат за време од една година.
(7) Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се избираат по оној редослед по кој се стекнале со статус на корисник во зоната."

**Член 4**

Во членот 33 по ставот (12) се додаваат три нови става (13), (14) и (15), кои гласат:
„(13) Во однос на условите за издавање на одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите кои ги градат корисниците во технолошките индустриски развојни зони соодветно се применуваат одредбите од Законот за градење.
(14) Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони издава одобрение за градење и одобрение за употреба за објектите кои ги градат корисниците во технолошките индустриски развојни зони согласно со Законот за градење.
(15) Постапката за издавање на одобрение за градење и одобрение за употреба на објектите кои ги градат корисниците во технолошките индустриски развојни зони, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја спроведува согласно со Законот за градење."

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членот 4 од овој закон со кој се менува член 33 од Законот за технолошки индустриски развојни зони кој ќе започне да се применува од 1 јануари 2013 година.